- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – КАВАДАРЦИ

- Оддел за административни и помошно технички работи
- Дел за административни работи и управување со човечки ресурси

Архивски број: 0401-925/22
Датум: 02.09.2026

Врз основа на член 212 од Законот за социјалната заштита („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23, 192/25) и член 45 став 1 од Законот за Административни службеници (Сл.весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15,154/15,05/16,142/16, 11/18 и Службен весник на РСМ број 275/19,14/20,215/21,99/22,208/24,210/24) ВД Директорот на јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци донесе:

О Д Л У К А
За избор на кандидат по јавен оглас 486/2026

1. За извршител на работното место Правник со шифра СО30102В01001, во група I , подгрупата II , со звање Стручен соработник во Оддел за административни и помошно технички работи во ЈУМ Центар за социјална работа Кавадарци, се избира кандидатот Небојша Маринковиќ со идентификациски код 62F75A9.

2.Именуваниот ќе биде распореден на работното место од точка (1) еден по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за распоредување .

3.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 13/07/2026 година на web-страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија беше објавен оглас за вработување на 1(еден) извршител-јавен службеник од група I, подгрупа II, во Јавната установа меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци. Огласот истовремено беше објавен и во дневните весници ВЕЧЕР, СЛОБОДЕН ПЕЧАТ и КОХА.

Со решение бр. 10-1499/8 од 15/07/2026 година од страна на Директорот на Агенцијата за администрација, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката за унапредување во три фази.

За првата фаза -селекција одржана на 04/08/2026 година во 13:00, часот изготвен е Записник бр. 10-1499/9 од 04/08/2026 година со кој е утврдено дека на огласот се пријавиле 4 кандидати, од кои 3 уредни и 1 неуреден кандидат. Во втората фаза продолжуваат 3 кандидати, за кои испитот за административен службеник е закажан на 20/08/2026 година во 11:00 часот.

Втората фаза – испит за административен службеник се одржа на 20/08/2026 година со почеток во 11:00 часот, за што е изготвен Записник од спроведен испит бр. 10-1499/11 од 20/08/2026 година за административен службеник со Ранг листа на кандидати


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци
Institucioni Publik Qendra Ndërkomunale për Punë Sociale Kavadarci
Ул. Тиквешко Востание бр.11
Република Северна Македонија
Rr. Tikveshko Vostanie 11
Republika e Maqedonisë së Veriut
+38943414102
www.jumcsr-kavadarci-mtsp.gov.mk
e-mail:jumcsrKavadarci@mtsp.gov.mk

кои продолжуваат во следната фаза бр. 0401-1092/8 од 19/08/2026 година. Со него е утврдено дека во следната фаза, која е закажана за на 20/08/2026 година во 14 часот, продолжуваат двајца кандидати.

За последната фаза , спроведена на 25/08/2026 година во 14 часот, изготвен е Записник бр. 10-1499/11 од 25/08/2026 година, за спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју. Со овој записник е уѕрдено дека во оваа гфаза се појави само еден кандидат, кој успешно ја помина проверката на веродостојност на доказите. Со истиот се спроведе интервјуто. Потоа е изготвена конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, на која има само еден кандидат со освоени 78,95 бодови.

Со овој записник врз основа на резултатите од сите фази изготвена е Ранг листа на кандидатите и предлог до ВД Директорот за избор на најдоброрангираниот кандидат за вработување по пат на јавен оглас за позицијата за кој беше објавен претходно споменатиот јавен оглас. Истиот е примен во ЈУМ Центар за социјална работа Кавадарци на 01/09/2026 година. Со него предложен за вработување е кандидатот Небојша Маринковиќ со освоено 78,95 бодови.

ВД Директорот по разгледување на Ранг листата и предлогот за избор, врз основа на член 212 од Законот за социјалната заштита („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23,192/25) и член 45 став 1 од Законот за Административни службеници (Сл.весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15,154/15,05/16,142/16, 11/18 и Службен весник на РСМ број 275/19,14/20,215/21,99/22,208/24,210/24), одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за Администрација во рок од 8 (осум) денови од денот на објавување на одлуката.

Одлуката да се достави до:
-Агенција за администрација
-Избраниот кандидат
-Оддел за административни и помошно технички работи
-Архива

ВД Директор

М-р Милена Белевска


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци
Institucioni Publik Qendra Ndërkomunale për Punë Sociale Kavadarci
Ул. Тиквешко Востание бр.11
Република Северна Македонија
Rr. Tikveshko Vostanie 11
Republika e Maqedonisë së Veriut
+38943414102
www.jumcsr-kavadarci-mtsp.gov.mk
e-mail:jumcsrKavadarci@mtsp.gov.mk